**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 декември 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: ноември 2020 година

- Во ноември 2020 година, каматната стапка на вкупните кредити се задржа на нивото од 4,68% од претходниот месец, додека на годишна основа е намалена за 0,32 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 0,96% и бележи месечно и годишно намалување од 0,02 п.п. и 0,32 п.п., соодветно.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити, во ноември, изнесува 3,98% и оствари месечен и годишен пад од 0,23 п.п. и 0,30 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на новопримените депозити е зголемена за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,82%. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити забележа пад од 0,44 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 11.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 | 5.2020 | 6.2020 | 7.2020 | 8.2020 | 9.2020 | 10.2020 | 11.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.00** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** | **4.83** | **4.80** | **4.75** | **4.73** | **4.70** | **4.68** | **4.68** |
| Корпоративен сектор | 4.22 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 | 3.97 | 3.93 | 3.89 | 3.85 | 3.80 | 3.77 | 3.77 |
| Домаќинства | 5.74 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 | 5.64 | 5.63 | 5.56 | 5.55 | 5.53 | 5.51 | 5.49 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.28** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** | **3.92** | **3.94** | **3.98** | **3.94** | **3.99** | **4.21** | **3.98** |
| Корпоративен сектор | 4.00 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 | 3.71 | 3.68 | 3.64 | 3.58 | 3.82 | 4.04 | 3.66 |
| Домаќинства | 4.93 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 | 4.43 | 4.42 | 4.48 | 4.37 | 4.51 | 4.49 | 4.51 |
| **Вкупни депозити** | **1.28** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** | **1.10** | **1.09** | **1.05** | **0.99** | **0.98** | **0.98** | **0.96** |
| Корпоративен сектор | 1.56 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 | 1.24 | 1.27 | 1.29 | 1.15 | 1.14 | 1.23 | 1.19 |
| Домаќинства | 1.25 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 | 1.08 | 1.07 | 1.03 | 0.98 | 0.96 | 0.95 | 0.94 |
| **Новопримени депозити** | **1.26** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** | **0.62** | **0.64** | **0.69** | **0.54** | **0.76** | **0.77** | **0.82** |
| Корпоративен сектор | 1.19 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 | 0.34 | 0.43 | 0.57 | 0.41 | 0.74 | 0.67 | 0.81 |
| Домаќинства | 1.31 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 | 0.91 | 0.85 | 0.79 | 0.66 | 0.78 | 0.87 | 0.83 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор, во ноември, остана на истото ниво од 3,77% како и претходниот месец, додека на годишна основа оваа каматна стапка е пониска за 0,45 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 3,66% и оствари месечен пад од 0,38 п.п. Надолната промена се должи на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула и кредитите во странска валута (за 2,19 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), во услови на раст на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,15 п.п.). Во однос на ноември минатата година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,34 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Во ноември, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,04 п.п. во однос на претходниот месец и изнесува 1,19%. Гледано според валутната структура, падот произлегува од намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,04 п.п., соодветно) и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка оствари пад од 0,37 п.п.

– Кај каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор, во ноември, е забележано месечно зголемување од 0,14 п.п. и изнесува 0,81%. Нагорната промена целосно се објаснува со зголемувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,15 п.п.), при пад кај каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,76 п.п. и 0,03 п.п., соодветно). Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,38 п.п. во однос на ноември претходната година.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, овој месец, изнесува 5,49% и е пониска за 0,02 п.п. на месечна основа. Анализирано по валута, падот е резултат на намалувањето на сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,02 п.п., соодветно). На годишна основа, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата забележа пад од 0,25 п.п.

---

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во ноември, изнесува 4,51%, што претставува месечен раст од 0,02 п.п. Позитивната месечна промена се должи на зголемувањето на каматните стапки на кредитите во странска валута и денарските кредити без валутна клаузула (за 0,10 п.п. и 0,06 п.п., соодветно), при пад на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Оваа каматна стапка оствари намалување од 0,42 п.п. во споредба со ноември 2019 година.







Извор: НБРСМ.

– Во ноември, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата оствари минимален пад од 0,01% на месечна основа и изнесува 0,94%. Падот е резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,03 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.), додека каматната стапка на депозитите во странска валута е непроменета во однос на претходниот месец. Споредено на годишна основа, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата е пониска за 0,31 п.п.

– Просечната каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9], во ноември, изнесува 0,83% и забележа месечен пад од 0,04 п.п. Надолната промена се објаснува со намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,09 п.п. и 0,07 п.п., соодветно). Трет месец по ред, не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Во однос на истиот месец минатата година, оваа каматна стапка оствари пад од 0,48 п.п.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 29 јануари 2020 година (референтен пресек заклучно со декември 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).